ФФМ

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

БРОЈ 18 ДАТА 12.08.2020 ГОДИНА 38

ФУДБАЛОТ НА ПРВО МЕСТО
ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

БРОЈ 18 ДАТА 12.08.2020 г.

## СОДРЖИНА

- ПРИСТИГНАТИ БАРАЊА ОД ОПШТИНСКИТЕ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗИ;
- ПРОПОЗИЦИИ ЗА КУП НАТПРЕВАРУВАЊЕ ЗА 2020/2021 ГОДИНА - СЕНИОРИ -

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КАВАДАРЦИ

**Седница од 10.08.2020 гоина**

❖ **Регистрација на фудбалери**

ГФК „ТИКВЕШ 1930„ Кавадарци: Костовски Бобан Далибор од ФК „Вардар АД„ Скопје Љамчевски Љ. Благоја, Размовски Т. Ристе од ФК„Пелистер АД„ од Битола, Темелков Ѓ. Ристе од ФК „Академија Пандев АД„ од Струмица, по чл. 35/3. Мишов Б. Александар од ФК „Академија Пандев АД„ од Скопје, по чл. 35/8.

ФК „РОСОМАН 83„ Росоман: Накиќ С.Љупчо, Накиќ Р.Бојан, Димитров З. Блаже,чл. 35/1. Димитров С.Никола, Ставров П.Блаже, Миовски Д. Лазар, Димовски М.Лазе, Јовановиќ З. Раде, Митков А. Антонио, Траевски С. Драган, Моневски И. Драган, Петров В. Димитар, Траевски С. Милан, Честојнов С.Борче, Петков Г. Ѓорѓи, Здравковиќ Ј. Микица, Донов В. Дарко, Милошев Г. Лазар и Андоновски М. Зоран од ГФК „Вардар„ од Неготино, по член 35/3.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СКОПЈЕ

**Седница од 11.08.2020 година**

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ЊУ СТАРС„ Скопје: Блажевски Стефан од ФК „Форца Вардар„ Скопје, по член 35/3.

ЖФК „ШКУПИ 2019„Скпје:Тевдие Реџепи,Хафса Илјази,Алберта Рашиди,Ајсер Абдулова, Амир Азизи, Касничи Беса, Хана Абдулова, Аделина Алкија, Бесмире Абдулова, Руждије Куртиши,Елиза Речи, Фетија Зендел,Рудина Селман, Емире Шазију, по член 35/1.

Зибуше Куртиш, Лина Зечири, Ќендреса Абдулов, Сумеја Исмани од ЖФК „Њу Јорк„ од Скопје, по член 35/4.

Катерина Мишевска од ЖФК „Скопје 2014„ од Скопје, по член 35/3.

❖ **Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавува регистрацијата на фудбалерот Глигоров Б. Филип од ФК „Влазнија„ од Република Албанија за ФК „Шкупи 1927 АД„ од Скопје по член 35/11, поради некомплетна документација. Не се објавува и негоивот професионален договор во врметраење од 1 (еднда) година до ЛПР 2021 година.

Не се објавува регистрацијата на фудбалерот Джамал Усумиевич Дибиргаджиев од ФК „Анци„ од Република Рустија за ФК „Шкупи 1927 АД„ од Скопје по член 35/11, поради некомплетна документација. Не се објавува и неговиот професионален договор во времетраење од 3 години до Летен преоден рок 2023 години.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈЗ КИЧЕВО

**Седница од 10.08.2020 година**

❖ **Регистрации на фудбалери:**

ФК „ВЕЛАЗЕРИМИ 77„ Кичево: Исени Бесир од ФК „Вардар„ од с. Форино, по член 35/3.

## ОПШТИНСКИ ФУДБЛСКИ СОЈУЗ СТРУМИЦА

**Дополнувањње на докуменација од**

**Седница од 30.07.2020 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „АКАДЕМИЈА ПАНДЕВ АД„ Струмица: Томиќ Д. Милан од ФК „Црвена Звезда„ од Белград, Република Србија, по член 35/11.

- **Склучување на професионален договор:**

ФК „Академија Пандев АД„ од Струмица и фудбалерот Томиќ Д. Милан склучија договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 2 (две) години до Летен преоден рок 2022 година.

**Дополнување на документација од**

**Седница од 04.08.2020 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „АКАДЕМИЈА ПАНДЕВ АД„ Струмица: Трапановски Н. Кристијан од ФК „Железарние„ од Подбрезола од Република Словачка, по член 35/11.

**Седница од 11.08.2020 година**

- **Склучување на професионални договори:**

Фудбалскиот клуб „Академија Пандев АД„ од Струмица и фудбалерот Никола Серафимов склучија договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 1(една)година до Летен преоден рок 2021 година.

Фудбалскиот клуб „Академија Пандев АД„ од Струмица и фудбалерот Димовски Бојан склучија договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во времетрање од 2 (две) години до Летен преодерн рок 2022 година.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ „ГАЗИ БАБА„ СКОПЈЕ

**Седница одржана на ден 11.08.2020 година**

- **Регистрација на фудблери:**

ФК „СКОПЈЕ АД„ Скопје: Најдовски И. Дино од ФК „Тетекс АД„ од Скопје, Пешевкси Б. Виктор од ФК „Каменица Саса„ од Макеоднска Каменица, Мемеди А. Екрем од ФК „Вардар„ од с. Форино, по член 35/3.

ФК „ВАРДАР АД„ Скопје: Радевски П. Филип од ФК „Кул Здравје„ Скопје, по чл. 35/3.

- **Склчување на професионални договори:**

ФК „Вардар АД„ од Скопје и фудбалерите: Илиќ С. Филип, Блажевски Б. Дејан, Велковски В. Виктор, Лазаревиќ Д. Стефан, Најденов Ѓ. Бојан, склучуја договори за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во времетраење од по 1 (една) година до Летен преоден рок 2021 година,.

ФК „Рабонтички АД„ Скопје и фудбалерот Јефтовски Стефан склучија договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 1 (една) година до Летен преоден рок 2021година.

- **Раскин на професионални договори:**

ФК „Вардар АД„ Скопје и фудбалерите: Најдовски Т. Филип, Аврамовски М. Даниел и Андов М. Матеј ги раскинаа договорите за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал, Спогодбено.

ФК „Работнички АД„ Скопје и фудбалерот Ломба Мпиадни Јордан го раскинаа договорот за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал, Спогодбено.

❖ **Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз „Гази Баба„ од Скопје фудбалерите: Марковски Ј. Дејан, Трајковски Д.Матеј од ФК „Скопје АД„ од Скопје, Петејчук А. Лука, Димитриовски Д. Никола, Стефановски Б. Бранко, Николовски Иван од ФК „Работнички АД„ од Скопје, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ ССОЈУЗ КОЧАНИ

**Седница од 10.08.2020 година**

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „КАМЕНИЦА САСА„ Македонска Каменица: Иванов Благојче од ГФК„Вардар„ Неготино, Ефремов Трајче од ФК „Победа АД„ од Прилеп и Дигаловски Дарко од ФК „Плачковица„ Радовиш, по чл. 35/3. Крстевски Филип од ФК „Плачковица„ Радовиш, Марковски Дејан од ФК „Скопје АД„ од Скопје, по член 35/10.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КРАТОВО

**Седница од 11.08.2020 година**

❖ **Склучување договори за отстапување:**

ФК „Силекс АД„ од Кратово, ГФК „Осогово„ од Кочани и фудбалерот Митевски Ч. Слаѓан склучија договор за привремено отстапување на фудбалер во врметраење од 6 (шест) месеци, до Зимски преоден рок 2021 година.

ФК „Силекс АД„ од Кратово, ФК „Скопје АД„ од Скопје и фудбалерот Митревски Ѓ. Божидар склучија договор за привремено отстапување на фудбалер во времетраење од 6 (шест) месеци, до Зимски преоден рок 2021 година.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ „КИСЕЛА ВОДА„ СКОПЈЕ

**Седница одржана на ден 10.08.2020 година**

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „АЕРОДРОМ„ Скопје: Андонов С. Ведран, Николовски И. Никола, Трипуновски Ц. Христијан, Трипуновски Ц. Дамјан , Крстев С. Габриел, Диковски Д. Стефан, Геневски И. Леон, Богоески С. Леонид и Близнаковски М. Марио, по член 35/1.

ЖФК „СКОПЈЕ 2014„ Скопје: Стојанова А. Ања, Алексовска Д. Јана, Маневски Г. Елена, Стаменковска И. Александара и Крстевска Д. Теона, по член 35/1.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ГОСТИВАР

**Седница од 11.08.2020 година**

❖ **Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз Гостивар фудбалерите Мемеди Екрем и Мифари Аљбан од ФК „Вардар„ од с. Форино, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

**Седница од 11.08.2020 година**
**за ОФС Тетово**

- **Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз Тетово фудбалрите: Најдоски И. Дино од ФК „Тетекс АД„ од Тетово и фудбалерката Митреска Г. Сања од ЖФК „Љуботен„ од Тетово, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ БИТОЛА

**Седница од 11.08.2020 година**

- **Регистрација на фусдбалери:**

ФК „ПЕЛИСТЕР АД„ Битола: Стојановски Т. Филип од ФК „Феризај„ од Република Косово, по член 35/11.
ФК „ЦРНО БУКИ ЗЛ„ с. Црно Буки: Огненоски Т. Александар од ФК „Пелистер АД„ од Битола, по член 35/10.
ФК „ПОБЕДА„ с. Ивањевци: Мемедовски Џ. Семир од ФК „Братство 07„ од с. Житоше, по член 35/3.
ФК „АТЛЕТИКО„ Битола: Мемедов О. Мерат и Мемедов О. Блерт, по член 35/1.
ЖФК „АТЛЕТИКО„ Битола: Трајковска А. Викторија и Јанкуловска П. Елена, чл. 35/1. Васиќ Г. Драгана од ЖФК „Ци Ци„ од Скопје, по член 35/3.

- **Склучување на професионален договор:**

ФК „Пелистер АД„ од Битола и фудбалерот Стојановски Т. Филип склучија договор за врабутвање на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 1 (една) година до Летен преоден рок 2021 година.

- **Бришње од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при ОФС Битола фудбалерите: Шопоски Сашо, Костовски Стефан, Миланов Бојан, Размоски Ристе, Љамчевски Благоја, Далчевски Димитар, Реџепи Неџми, Талевски Самоил, Стојчевски Климентин од ФК „Пелистер АД„ од Битола и Илчиевска Анастасиа од ЖФК „Топ Гол„ од Битола поради преминување со регистрација на територирја на друг ОФС.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СТРУГА

**Седница од 10.08.2020 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

КМФ „ЕНХАЛОН 2020„ Струга: Корча Ермир, Белица Бетим, Лита Јетмир, Шаќири Шеријат и Ѓетали Белќија, по член 35/1.
ФК „КАРАОРМАН„ Струга. Матески Љубен, по член 35/1.
ФК „МАКЕДОНИЈА„ с. Враништа: Трпоски Марио од ФК „Караорман 2017„ Струга, Стојчевски Климентин од ФК „Пелистер АД„ од Битола, чл. 35/3.
ФК „ВЕЛЕШТА„ с. Вефлешта: Клечкароски Игор од ГФК „Охрид Лихнидос„ од Охрид, Реџепи Неџми од ФК „Пелистер АД„ од Битола, Јонуз Нухи од ФК “Кораби„ од Дебар, Анруши Ермин од ФК „Струга Трим Лум„ од Струга, по член 35/3.

ФК „КАРАОРМАН 2017„ Струга: Далчески Димитар од ФК „Пелистер АД„Битола, чл. 35/3
ФК „КОРАБИ„ Дебар: Амбари Тримод ФК „Работнички АД„ од Скопје, Алексовски Филип од ФК „Македонија Ѓ́П 1932 АД„ од Скопје, по член 35/3.
ФК „ЈАНГ ТИМ„ Струга: Тафилоски Ахмед од ФК„Лабуништа 2011„Лабуништа, чл. 35/3.
ФК „БЕЛИЦА„ с. Д. Белица: Веселоски Арис од ФК „Октиси Спорт„ с. Октиси, по чл. 35/3.

- **Бришење од регистер:**

Се брише од евиденција на регистрирани фудбалери при ОФС Струга фудбалерот Стојаноски Марин од ФК „Лабуништа 2011„ од с. Лабуништа поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

# ПРОПОЗИЦИИ

за КУП натпреварување за
2020/2021та година
СЕНИОРИ

Скопје, 2020 година

Врз основа на член 110 став 3 од Статутот на ФФМ а во врска со член 15 став 2 од Правилникот за натпревари, Одборот за итност на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 07.08.2020 година, донесе:

# ПРОПОЗИЦИИ ЗА КУП НАТПРЕВАРУВАЊЕ ЗА СЕЗОНА 2020/21 на ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

0202-1778/3
07.08.20

## Член 1

Фудбалскиот куп на ФФМ во сениорска конкуренција е редовно натпреварување.

Во фудбалскиот куп на ФФМ можат да учествуваат сите сениорски екипи вклучени во системот на натпреварување (11/11) во Фудбалската Федерација на Македонија .

Фудбалскиот куп се организира во два дела:

- квалификациони натпревари до шеснаесет финале кои ги организира соодветната Трета лига(Регион);
- натпревари од шеснаесет финале до/и финалниот натпревар кои ги организира ФФМ.

## Член 2

Во зависност од бројот на ОФС кои територијално припаѓаат на одреден Регион, Регионот организира куп натпреварување за да добие три претставника кои продолжуваат во шеснаесет финале.

Календарот за натпреварување до шеснаесет финале го носи органот кој раководи со КУП натпреварувањето до шеснаесет финале.

Натпреварите до шеснаесет финале се одигруваат за времетраење на пролетниот дел на натпреварувачката сезона која претходи на ова куп натпреварување а може да го опфати и/или периодот по завршување на пролетниот дел на натпреварувачката сезона која претходи на ова куп натпреварување.

Календарот за натпреварување од шеснаесет финале до финале го носи Комисијата за натпревари на ФФМ а го усвојува Управниот одбор на Фудбалската федерација на Македонија

## Член 3

Клубовите од став 2 на овој член пријавата за куп натпреварување треба да ја поднесат до надлежниот Регион најдоцна до 01.05 во сезоната во која се спроведуваат квалификациите за наредното куп натпреварување.

Во натпреварувањето до шеснаесет финале (квалификации) кое го организира соодветната Трета регионална лига ( Регион) можат да се пријават:

- клубови кои со своите сениорски екипи настапувале во општинското првенство доколку продолжат со првенственото натпреварување на ОФС во наредната сезона 2021/22;
- регистрирани клубови на ОФС во Комет системот кои не биле вклучени во тековното првенствено натпреварување доколку доставиле пријава за учество за наредната натпреварувачка 2021/22 на ОФС;
- клубови кои се натпреварувале во Третата лига во натпреварувачката 2020/21;
- клубови (второлигаши) кои оствариле пласман од 8-10 место на табелите на Двете

Втори МФЛ согласно Пропозициите за натпреварување во 2020/21 а територијално гравитираат во соодветниот Регион.

## Член 4

Регионот во соработка со ОФС во зависност од бројот на пријавени екипи организира КУП натпреварување до шеснаесет финале.

Во зависност од резултатите од спроведените квалификации за куп или доколку натпреварувањето не можело во целост да се спроведе од причини поврзани со Ковид 19 , Управниот одбор на Регионот (Третата лига) со одлука ја известува Комисијата за натпреварување на ФФМ за екипите кои се пласирале или за кои Управниот одбор од причини поврзани со Ковид 19 донел одлука за учество во 16 финалните натпревари согласно однапред утврдени критериуми или ждреб.

Одлуката треба да се достави најдоцна до 25.06. во сезоната во која се спроведуват квалификациите за куп.

**Член 5**

Натпреварувањето од шеснаесет финале до финале и финалниот натпревар го раководи Комисијата за натпревари на ФФМ.

Клуб кој изборил пласман или од причини поврзани со Ковид 19 е вклучен во шеснаесет финалето во случај на откажување во натамошниот тек на натпреварувањето (вклучувајќи го и шеснаесет финалето) му се одземаат 3 (три) бода во рангот на натпревари во кој што се натпреварува.

## Организација на натпревар и службени лица

**Член 6**

За организација на натпревар во куп натпреварувањето е одговорен клубот домаќин.

Секој клуб домаќин има обврска да ги почитува правилата за организирање на натпревар согласно Правилникот за натпревари на ФФМ и соодветните пропозиции во четвртите и третите лиги до пласирањето во шеснаесет финале.

Клубовите учесници во куп натпреварувањето од шеснаесет финале до финале ги организираат куп натпреварите во согласност со Правилникот за натпревари на ФФМ и Пропозициите за Прва МФЛ.

Клубовите учесници во куп натпреварувањето имаат обврска да се грижат за редот и безбедноста на сите учесници пред, за време и по завршувањето на натпреварот согласно Правилникот за безбедност на ФФМ.

Клубот домаќин и клубот гостин имаат обврска да се придржуваат на Протоколот за спроведување на мерки за заштита од "Covid-19", во понатамошниот текст само Протокол.

**Член 7**

Службените лица (делегат, судии,контролор) на куп натпреварувањето до шеснаесет финале ги определуваат надлежни органи Комесар (Комисија) за натпревари , Судиска комисија) на ОФС/Регион во зависност од начинот на организирање во рамките на Регионот.

Службените лица на куп натпреварувањето од шеснаесет финале до финале и финалниот натпревар ги определуваат надлежни органи на ФФМ.

Правата и обврските на службените лица на натпреварите се утврдени во Правилникот за натпревари на ФФМ и Пропозициите за третите лиги (до шеснаесет финале) и Пропозициите за Прва лига (од шеснаесет финале).

Службените лица на куп натпреварувањето имаат обврска да се придржуваат на Протоколот за спроведување на мерки за заштита од "Covid-19".

**Член 8**

Клубот за предметниот натпревар одредува службени лица на клубот (претставник, шеф на стручен штаб, тренер, пом.тренер,лекар, физиотерапевт)

Постапувањето и обврските на службените лица на клубот е регулирано во Правилникот за натпревари на ФФМ и Пропозициите за првенственото натпреварување каде што екипата се натпреварува.

## Прекршоци, дисциплински мерки и право на жалба

**Член 9**

Јавните опомени(жолти картони) добиени на КУП натпреварување важи само за соодветното куп натпреварување.

После секоја трета јавна опомена, фудбалерот или службеното лице на клубот последователно на наредниот куп натпревар издржува автоматска казна забрана на играње на еден натпревар.

За секоја јавна опомена и исклучување се плаќа автоматска парична казна.

Износот на автоматските парични казни до шеснаесет финале се утврдуваат согласно висината на автоматските казни утврдени во Пропозициите за Третите лиги.

Износот на автоматските парични казни од шеснаесет финале до/и финале се пресметува согласно висината на автоматските казни утврдени во Пропозициите за Прва МФЛ.

Фудбалерите или службените лица на клубот кои учествуваат во финалниот куп натпревар имаат право на настап на финалниот куп натпревар независно од бројот на претходно добиените жолти картони.

**Член 10**

За пропусти,прекршоци и непочитување на обврските поврзани со организација и тек на натпревар за кои е предвидена автоматска казна соодветно се применуваат одредбите на Правилникот за натпревари и Пропозициите на Третите лиги кои се на сила за време на одигрување на квалификационите натпревари до шеснаесет финале бидејќи истите се одигруваат за времетраење на пролетниот дел на натпреварувачката сезона која претходи на ова куп натпреварување.

За пропусти,прекршоци и непочитување на обврските поврзани со организација и тек на натпревар, за натпреварите од шеснаесет финале до финале вклучително и финалниот натпревар а за кои е предвидена автоматска казна соодветно се применуваат одредбите на Правилникот за натпревари и Пропозициите на Прва МФЛ од тековната сезона (2020/21)

За дисциплинските прекршоци предвидени во Дисциплинскиот правилник како и непочитување на обврските кои произлегуваат од овие и другите поврзани пропозиции соодветно се применуваат одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ.

**Член 11**

Во врска со постапката, роковите и правото на жалба за натпреварите до шеснаесет финале, се применуваат одредбите од погоренаведените Пропозиции на Третите лиги, за натпреварите од шеснаесет финале до финале вклучително и финалниот натпревар се применуваат одредбите од Пропозициите на Прва МФЛ за тековната натпреварувачка сезона.

**Право на настап**

**Член 12**

На куп натпреварите, право на настап имаат фудбалери кои стекнале право на настап според Правилникот за регистрации, статус и трансфер на фудбалери на ФФМ а на денот на натпреварот не се помлади од 17 години.

Со право на настап се стекнуваат и фудбалерите кои на денот на натпреварот наполниле 16 години и имаат специјален лекарски преглед.

Сите клубови учесници во куп натпреварите од шеснаесет финале до финале, првото полувреме мора да го започнат и завршат со еден домашен фудбалер кој нема навршено 21 година.

За фудбалер под 21 година се смета секој играч или голман ,кој на 15.06 во тековната натпреварувачка година нема наполнето 21 година.

Фудбалерите од став 3 на овој член имаат право на настап како фудбалери под 21 година за времетраење на целата натпреварувачка година.

Клуб кој првото полувреме го започне со фудбалер кој нема навршено 21 година, и истиот е исклучен или се искористени сите можности за измена (направени се три измени) нема обврска првото полувреме да го заврши со фудбалер кој нема навршено 21 година.

Домашниот фудбалер од став 3 кој согласно правилата на ФИФА има право на настап и за странска репрезентација (на официјален и/или неофицијален натпревар) , доколку пред или за времетраењето на првенството биде повикан и одбере да настапува за странската репрезентација го губи статусот на фудбалер, кој нема навршено 21 година.

Во временски период од 48 часа фудбалерите имаат право да настапат на најмногу 3 (три) полувремиња од кои најмногу две полувремиња за период од 24 часа .

**Член 13**

Фудбалерите кои настапуваат на своите дресови мора да ги носат броевите под кои се заведени во записникот од натпреварот и истите можат да бидат од 1 до 99.

Дресовите на екипите и судиите мора да се со различна боја.

Во случај да екипите излезат со иста боја на дресови гостинскиот тим е должен бојата на дресови да ја промени.

Гостинската екипа должна е да носи два пара дресови со различна боја. Доколку гостинската екипа не носи два пара дресови или и двете бои на дресовите на одговараат за одигрување на натпреварот, домаќинот е должен на гостинската екипа да и даде на располагање еден пар дресови со различна боја од онаа во која што ќе настапува домашната екипа (во присуство на делегатот на натпреварот)

Дресовите од претходниот став по завршувањето на натпреварот, гостинската екипа е должна да ги врати во онолкав број во кој што ги добила од домашната екипа.

**Член 14**

Секој клуб има право на замена на три фудбалери.

Клубовите имаат право на четири замени само во елиминационата фаза од натпреварувањето кога е предвидено да се играат подолжетоци од 2х15минути.

За времетраењето на пандемијата со Ковид, одредбите од став 1 и 2 на овој член нема да се применуваат а екипите имаат право на замена на по пет фудбалери.

Замените на фудбалерите предвидени во став 3 може да се вршат во најмногу три наврати за секоја екипа, замената направена на полувреме не влегува во споменатите три наврати.

За времетраењето на пандемијата со Ковид, независно дали се искористени сите замени или не се, клубовите имаат право на уште една дополнителна замена кога е предвидено да се играат продолжетоци од 2х15минути.

Дополнителната замена може да се изврши во еден наврат, пред почеток на продолжувањето или во паузата на продолжувањето.

**Член 15**

Куп натпреварот се игра 2 х 45 минути со пауза на полувремето од 15 минути.

Главниот судија на натпреварот согласно Правилата на фудбалска игра може да врши надоместување на време.

Натпреварите се играат по еднострук КУП систем односно еден натпревар.

Во случај на нерешен резултат заради добивање победник се поминува на изведување пенали.

**Натпреварување од шеснаесет финале - финале 2020/21**

**Член 16**

Натпреварувачките парови се извлекуваат со жреб со приоритет.

Предност во извлекување на натпреварувачки броеви имаат клубовите од првата лига и шесте најдобро пласирани екипи, по три од двете втори лиги од претходната натпреварувачка година при што истите извлекуваат броеви од 17 до 32.

Останатите клубовите кои избориле пласман во 1/16 финалето и останатите четири екипи од вторите лиги извлекуваат броеви од 1 до 16.

При извлекување на паровите за купот домаќини се клубовите кои ги извлекле броевите од 1 до 16 .

**Член 17**

Во шеснаесет финалето натпреварите се играат по еднострук КУП систем односно еден натпревар.

Доколку натпреварот заврши со нерешен резултат се поминува на изведување пенали за добивање победник .

Трошоците на службените лица ги плаќа клубот домаќин.

Во шеснаесетфиналните натпревари доколку клубот домаќин е од трета или од пониските лиги, а за противник има екипа која била член на првата лига, трошоците за службените лица ги сноси клубот кој бил член на првата лига.

Во шеснаесетфиналните натпревари доколку клубот домаќин е од општинска лига, а за противник има екипа која била член на втората лига, трошоците за слжбените лица ги сноси клубот кој бил член на втората лига.

Од шеснаесетфиналните натпревари па се до/и финалниот натпревар, натпреварите можат да се играат само на терени примени од орган на ФФМ согласно Правилникот за инфраструктура и стадиони на ФФМ за одигрување на натпревари во Прва и Втора МФЛ.

**Член 18**

Победниците од шеснаесет финалето по пат на ждреб извлекуваат натпреварувачки парови за осмина финалето.

Во осмина финалето се игра по еднострук КУП систем односно по еден натпревар.

Доколку натпреварот заврши со нерешен резултат се поминува на изведување пенали за добивање победник .

**Член 19**

Победниците од осмина финалето земаат учество во четврт финалето.

Натпреварувачките парови во четврт финалето се добиваат по пат на ждреб.

Во четврт финалето се игра по еднострук КУП систем односно по еден натпревар..

Доколку натпреварот заврши со нерешен резултат се поминува на изведување пенали за добивање победник .

**Член 20**

Победниците од четврт финалето учествуваат во полуфиналните натпревари.

Натпреварувачките парови за полуфиналните натпревари се извлекуваат по пат на ждреб.

Во полуфиналето се игра  се игра по еднострук КУП систем односно по еден натпревар.

Доколку натпреварот заврши со нерешен резултат се поминува на изведување пенали за добивање победник .

Победниците од двата полуфинални  натпревари учествуваат во финалниот натпревар.

**Член 21**

Финалниот натпревар директно го организира  Фудбалската Федерација на Македонија.

Местото, датумот и времето на одигрување на финалниот натпревар го определува УО на ФФМ.

**Член 21а**

Заради одредување позиција домаќин – гостин, од 1/16 финале до финале по пат на ждреб се извлекуваат натпреварувачките парови.

Екипата која била домаќин во претходно одиграниот круг, станува гостин во наредниот круг на натпревари, независно од позицијата при влечење на натпреварувачкиот пар.

Доколку и двете екипи во натпреварувачкиот пар во претходниот круг биле домаќини или и двете биле гости, екипата извлечена со ждребот како домаќин останува домаќин.

Во случај на замена на позицијата домаќин во 1/16 финале, екипата и покрај тоа што одиграла како гостин, во наредниот круг ќе се смета дека била домаќин во претходниот круг.

**Член 22**

Ако финалниот натпревар заврши со нерешен резултат, натпреварот се продолжува 2 x 15 минути.

Доколку и по продолжение од 2 x 15 минути резултатот биде нерешен се поминува на изведување пенали за добивање победник.

**Член 23**

За фудбалерите на кои второто полувреме од финалниот натпревар им е воедно трето полувреме во кое настапуваат за период од 48 часа , настапот во продолжувањето на натпреварот од 2x15 минути се смета како дел од второто полувреме на финалниот натпревар.

**Член 24**

Победникот на финалниот  КУП натпревар го освојува пехарот.

Пехарот е преоден и на него се пишува името на победникот.

Како траен спомен за освоениот Куп, победникот добива мал пехар со изглед на преодниот пехар.

Фудбалерите на двете екипи, стручните штабови, судиите, контролата на судењето и делегатот од финалниот натпревар, добиваат соодветни медаљи ( 2x 40) за учество на финалните куп натпревари.

**Член 25**

Победникот на Купот се стекнува со право да учествува во Лигата на Европа доколку има лиценца за УЕФА натпреварување.

Во случај освојувачот на купот да е првопласираната екипа во првенството, ќе се применуваат одредбите од Правилникот за натпревари на ФФМ во согласност со правилата на УЕФА.

**Член 26**

ТВ правата и други маркетиншки права од финалниот натпревар ги има Фудбалската Федерација на Македонија.

Клубовите финалисти и ФФМ можат да договорат трошоците и приходите да ги делат рамноправно во спротивно трошоците и приходите се на терет односно во полза на организаторот - ФФМ.

Доколку Протоколот не е на сила или натпреварот може да се одигра во присуство на публика, со финалистите се прави договор за распределбата на гратис билети за клубовите.

**Член 27**

Доколку Протоколот не е на сила или натпреварот може да се одигра во присуство на публика, а во случај на направена материјална штета од навивачките групи истата целосно ја сноси клубот организатор на навивачките групи односно клубот чии поддржувачи се навивачките групи за што се составува записник на кој присуствуваат овластени лица од ФФМ.

За евентуално несогласување со ваквиот записник, клубот може да побара увид на штетата на лице место со свој претставник.

Клубот одговара за неодговорното и неспортско однесување на сите свои членови, функционери и гости.

**ШЕСНАЕСЕТ ФИНАЛЕ 2021/22**

**Член 28**

Во шеснаесет финалето за наредното КУП натпреварување **2021/22** директно учество земаат 32 (триесет и две) екипи на следниот начин:

- **10 екипи од квалификациите во Третите лиги** (по две екипи од Трета лига Север, Запад, Југозапад, Југ и Исток)
  (квалификациски натпревари согласно член 3 од овие Пропозиции, раководени од ОФС/Регион во периодот по завршување на последното коло на двете Втори лиги до 25.06.2020)
- **12 екипи од Прва МФЛ**;
  (сите екипи кои се натпреварувале во Прва МФЛ (12) во претходната натпреварувачката сезона (20/21);
- **10 екипи од Вторите МФЛ**;
  (по пет екипи од двете втори МФЛ пласирани од 1- 5-мо место во претходната натпреварувачката сезона (20/21);

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 29**

Овие Пропозиции стапуваат во сила со денот на донесување.

За се што не е предвидено со овие Пропозиции ке се применуваат одредбите на Правилникот за натпревари на ФФМ, Пропозициите на соодветните натпреварувања како и останатите правилници и прописи на ФФМ.

# МАКФУДБАЛ

е стручно информативен лист на
ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
излегува секоја СРЕДА во неделата



**Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Булевар „АСНОМ" 66
ПОШТЕНСКИ ФАХ 84
1000 СКОПЈЕ

ЖИРО СМЕТКА 300000001599760 - Комерцијална банка АД Скопје
Даночен број: 4030992177382

Телефон: 02/3204-470, 02/3129-291; Телефакс: 02/3165-448

Веб страна: **www.ffm.com.mk**
Е -маил: **ffm@ffm.com.mk**